Врз основа на член 50 став 2 од  Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20 и 163/21) и член 4 од Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти односно програми („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/09, 149/09, 34/11 и 129/13),  Заклучокот на  Владата на Република Северна Македонија усвоен на 71 седница одржана на 29 април 2025 година, и Решението за објавување на Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на  паметната специјализација) бр.15-6443/1 од 30.04.2025 година,  Министерството за образование и наука распишува

# К О Н К У Р С
## за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година
## (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација[1])

**<u>Посебен научен и јавен интерес</u>**

За создавање на конкурентна економија, која се базира на иновации и знаење, неопходно е да се зајакнат врските и партнерствата меѓу **државните универзитети-факултети/научни институти**, бизнисот, здруженијата и други заинтересирани страни, за заеднички да ги искористат постојните капацитети и потенцијали за развој. Со финансирање во рамки на овој Конкурс се поттикнува воспоставување и формализација на долгорочна соработка и партнерство меѓу чинители од четворниот хеликс[2] (**државните универзитети-факултети/научни институти**, бизниси, државни институции и граѓански сектор), базирана на истражување, развој и иновации.

Цел

Целта на овој Конкурс е развој и имплементација на научно-истражувачки проекти во рамки на кои ќе се воспостави и формализира долгорочна соработка меѓу државните универзитети-факултети/научни институти и претпријатија од приватниот сектор, како и другите чинители од четворниот хеликс. Воспоставената соработка треба да

[1] https://mon.gov.mk/content/?id=8443  Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027година

[2] Четворниот хеликс го сочинуваат претставници од: академијата (Универзитети и истражувачки институции, индустријата (претријатија и претприемачи), државни институции и креатори на политики и граѓанскиот сектор (НВО, граѓани, медиуми и сл.)

поттикне зелен и одржлив раст со вклучување на знаење, иновации и технологија, за создавање производи и услуги со висока додадена вредност кои ќе бидат конкурентни на домашниот и меѓународниот пазар.

## 1. Видови проекти кои ќе се поддржат и очекувани резултати

1.1 Со Конкурсот финансиски ќе се поддржат научноистражувачки проекти кои вклучуваат соработка на **државните универзитети-факултети/научни институти кои ќе воспоставаат соработка со претпријатија од приватниот сектор, како и други чинители од четворен хеликс.** Соработката треба да биде насочена кон научно-истражувачки и развојни активности, како и кон усвојување или прилагодување на иновативни, напредни технологии, технолошки процеси и know-how во некој од домените од Стратегијата за паметна специјализација и тоа:

1. Паметно земјоделство и храна со повисока додадена вредност,
2. Информациски и комуникациски технологии (ИКТ),
3. Електро-машинска индустрија-Индустрија 4.0,
4. Одржливи материјали и паметни згради,

вклучувајќи ги и двете хоризонтални приоритетни области, енергија на иднината и туризам, кои имаат взаемна поврзаност со вертикалните области и поседуваат потенцијали за вкрстена иновација.

1.2.Проектите треба да демонстрираат јасен мултидисциплинарен карактер и ефективна соработка меѓу академски, индустриски и други релевантни чинители, со фокус на практични резултати и влијание.

1.3. Кај научно-истражувачките институции како Носители на проектот, соработката треба да резултира со:

- Научно-истражувачки проекти креирани во соработка со индустријата, зајакнување на капацитетите за соработка за истражување и развој,
- Зголемена подготвеност за одговор на конкретни барања и потреби на приватниот сектор, пренесување на знаење и вештини;
- Развивање на услуги кои ќе бидат понудени на приватниот сектор и кои се во областите на паметна специјализација;
- Вклучување на млади истражувачи во проекти.

1.4.Кај деловните субјекти како партнери на проектот, соработката треба да резултира со:

- Создавање на услови за развој на иновации односно нови производи и/или услуги;

- Иницирање на соработка со државните универзитети-факултети/научни институти, како и со други чинители од четворен хеликс, а во насока на заеднички активности за истражување, развој и иновации;
- Развој на човечки капитал и вештини;
- Подобра подготвеност за интернационализација и усвојување на барањата на глобалниот пазар;
- Зголемување на продуктивноста и ефикасноста на работењето.

1.5. Се очекува финансираните проекти да придонесат кон зголемување на соработката академија-индустрија и да придонесат кон унапредување на иновациските преформанси во доменот на научно-истражувачката дејност и во рамки на приватниот сектор. Проектите треба да бидат во насока на развој на иновации кои се развивани на реални основи, со потврдена изводливост и врз основа на реална пазарна побарувачка.

1.6. Во рамки на овој Конкурс, Министерството за образование и наука ќе финансира научно-истражувачки проекти кои се во ниво на технолошка спремност од ниво 3 до ниво 6. Нивоата на технолошка спремност (Technology readiness level-TRL) може да се погледнат на следниот линк:
https://horizoneuropencpportal.eu/sites/default/files/2022-12/trl-assessment-tool-guide-final.pdf[4].

1.7. Во рамки на пријавата, Носителот на проектот ќе треба концизно да ги објасни претходните фази на научното истражување и да покаже спремност за продолжување во следна фаза .

## 2. Кој може да аплицира?

2.1. Право на аплицирање на овој Конкурс имаат **државните универзитети-факултети/научни институти** кои ќе воспостават соработка со претпријатијата.

2.2. Носител на проектот е државен универзитет-факултет / научен институт

2.3. При аплицирањето, носителот на проектот мора да воспостави партнерство односно соработка со претпријатие/ја од приватен сектор, а ќе се смета за предност доколку во соработката се вклучени и други институции од четворниот хеликс.

---

[4] TRL може да се користи и за нетехнолошки иновации, вклучително и услуги, сè додека нивниот развој следи структурирана валидација.

2.4. Под претпријатие од приватен сектор се подразбира деловен субјект, односно правно лице, основано во согласност со Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Основна дејност на претпријатието треба да е во областите на паметната специјализација за што претпријатието приложува документ од Централен регистар за тековната состојба (не постара од 6 месеци).

2.6. Партнерствата треба да бидат формализирани со Договор, во кој ќе бидат јасно дефинирани улогата, задачите, активностите и одговорностите на секој од членовите на партнерството, како и правото за располагање со резултатите од проектот, а во согласност со чл. 50 став 6 од Законот за научно-истражувачката дејност. Договорот за партнерство е составен дел на апликацијата.

2.7. Договорот за партнерство треба да биде заверен на нотар откако проектот ќе биде одобрен за финансирање од Министерството за образование и наука

2.8. Доколку во рамки на научно-истражувачкиот проект произлезе потреба од регулирање на правата од интелектуална односно индустриска сопственост, истите ќе бидат регулирани во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за високо образование, Закон за научно-истражувачка дејност, Закон за индустриска сопственост) и во рамки на договор помеѓу Министерството за образование и наука и Носителот на проектот.

## 3. Проектен тим

3.1. Проектниот тим треба да ги претставува партнерите во проектот и да има минимум пет члена. При тоа тимот треба да има:

- Едно лице одговорно за реализација и координација на проектот;
- Главен истражувач со научно односно наставно-научно звање кој е вработен во факултетот/научниот институт кој е Носител на проектот;
- Најмалку уште еден истражувач со научно односно наставно-научно звање;
- Најмалку двајца млади истражувачи (студенти во последна година на додипломски студии, студенти на магистерски, докторски студии, државни стипендисти кои студирале и студираат во странство со што би се овозможило побрз трансфер на знаењата од развиените земји);
- Во истражувачкиот тим може да се вклучи и истражувач странец без право на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

3.2. Ќе се смета за предност доколку во тимот биде вклучено лице претставник на претпријатието партнер на проектот.

3.3. Секој член на проектниот тим треба да потпише изјава за согласност за нивно учество во проектот.

3.4 Член на тим кој е добитник на финансирање од Министерството за образование и наука не може да биде член на тим на друг добитнички проект во рамки на овој Конкурс.

## 4. Буџет и начин на финансирање

4.1. За финансирање на проекти во рамки на овој Конкурс обезбеден е вкупен буџет од 32.000.000 денари.

4.2. За реализација на поединечен проект, Министерството за образование и наука обезбедува финансиска поддршка најмногу до 8.000.000 денари за времетраење на проектот до 2 (две) години, сметајќи ја 2025 година за почетна односно прва година за реализација на проектот и 31 октомври 2026 година за краен рок за реализација на проектот.

4.3. Средствата за првата фискална година се доделуваат по потпишување на договорот, а ќе продолжат и за втората фискална година додека трае проектот, но не повеќе од 2 (две) години.

4.4. Во првата година (2025 година) од реализација на проектот, може да бидат одобрени средства во износ од најмногу 50% од вредноста на проектот, но не повеќе од 4.000.000 денари.

4.5 Финансирањето на проектот ќе се одвива според утврдена динамика и фазите на проектот.

4.6 Средствата ќе бидат доделени врз основа на доставено писмено Барање од Носителот на проектот до Министерството за образование и наука согласно финансискиот план кој е составен дел од договорот. За доделените средства факултетот / научниот институт задолжително, на секои 4 (четири) месеци, покрај финансискиот извештај, доставува и наративен извештај, како и документација за фактички направените трошоци за реализација на проектот. Средствата за наредните 4 месеци се доделуваат по одобрување на извештаите за спроведување на активностите во претходниот четиримесечен период.

4.7 Доколку по завршување на проектот се утврди дека средствата или дел од средствата доделени од Министерството за образование и наука се потрошени ненаменски и спротивно на договорот и финансискиот план составен дел од договорот, факултетот/научниот институт задолжително ги враќа овие средства

односно ги уплаќа на сметката на Министерството. За истото, пред склучување на договорот, деканот/директорот на институтот - носител на проектот, ќе достави изјава дека под целосна морална и материјална одговорност доделените средства ќе ги користат исклучиво наменски.

4.8. Одобрените проекти ќе бидат финансирани во зависност од расположивите средства од Буџетот за 2025 година, предвидени за оваа намена, сѐ до исцрпување на средствата.

4.9. Министерството за образование и наука го задржува правото да не додели средства доколку нема доволно квалитетни предлог-проекти или не се исполнети условите за доделување на средства.

4.10. Средствата за финансирање на проектите од Конкурсот се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за образование и наука, Раздел 16001, програма 7, Потпрограма 71-Научно истражувачка работа, ставка 464 и Потпрограма 75-Стратегија за паметна специјализација ставка 464.

## 5. Времетраење на проектот

5.1. Спроведувањето на проектот треба да заврши до 31 октомври 2026 година.

5.2. Финалниот извештај за спроведувањето на проектот треба да се достави најдоцна до 1 (еден) месец по завршувањето на проектот.

5.3. Со оглед дека не постои можност за продолжување на времетраењето на проектите, препорачливо е предвидените проектни активности да завршат најдоцна 2 месеци пред датумот на завршување на проектот.

## 6. Активности на проектот

6.1. Активности кои може да бидат содржани во проектот се: истражување и развој, развој на пилот линии/производ/и или услуга/и, тестирање и валидација на нови и/или унапредени производи/услуги/процеси, заштита на интелектуална сопственост, индустриски дизајн, дизајн на производи и услуги, истражување на пазарот, развој на вештини и обуки, дисеминација на искуството од проектот на трети страни, активности за поттикнување континуиран дијалог академија и бизнис и други активности поврзани со целите на проектот.

6.2. Од апликантите се очекува да предвидат изработка на финална студија и да ги презентираат резултатите од проектот.

6.3. Министерството за образование и наука го задржува правото да преговара со избраните проекти по однос на дефинирање на активностите и буџетот на проектот врз основа на препораките добиени од страна на рецезентите, а пред потпишување на Договорот за финансирање на проектот.

## 7. Трошоци прифатливи за финансирање

7.1. Трошоците предвидени во буџетот на проектот треба да соодветствуваат на активностите предвидени во пријавата.

7.2. Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот Буџет на проектот ќе се сметаат за прифатливи трошоци.

7.3. Прифатливи трошоци се: трошоци за материјали и суровини, патни трошоци, дневници, надоместоци за ангажирање на експерти, производни и непроизводни услуги, трошоци за истражување на пазарот, одржување на опрема, набавка на литература и други трошоци кои се во функција на реализација на проектот (набавка/закуп на информатичка и научно-истражувачка опрема), публикување на резултатите од проектот, трошоци за објава во списанија, организирање и учество на научни собири и настани, трошоци поврзани со јавна презентација на резултатите од проектот, како и други трошоци кои се во функција на реализација на проектот.

7.4. Министерството за образование и наука нема да финансира набавка на нова информатичка и лабораториска опрема доколку истата веќе е набавена и финансирана со јавни средства. Линк за увид на лабораториска опрема во земјата: https://mon.gov.mk/content/?id=4750

7.5. Доколку во буџетот на проектот се предвидени трошоци за закупнина поврзана со услуги за истражување во лаборатории со ИКТ опрема, треба да се користат услугите на веќе постоечки лаборатории во земјата.

7.6. Максималното учество на авторските хонорари ќе изнесува најмногу 10% од вкупната вредност односно вкупните трошоци на проектот (вкупната вредност на проектот според финансискиот план за проектот и вкупно направените трошоци на проектот за целосна реализација на проектот финансирани преку Министерството за образование и наука);

## 8. Постапка и рокови за реализација на Конкурсот

8.1. Конкурсот се објавува и трае 45 дена од денот на објавувањето во средствата за јавно информирање.

8.2. Факултетите/научните институти доставуваат електронска пријава на порталот e-uslugi.mon.gov.mk и ги прикачуваат потребните документи согласно Конкурсот за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти поврзани со паметната специјализација.

8.3. Проектите се оценуваат од независни рецензенти избрани од страна на министерот за образование и наука преку јавен оглас.

8.4. Рецензирањето на проектите се врши врз основа на оценувачките критериуми од точка 9 од Конкурсот, во рок од 15 дена по завршување на рокот за пријавување по Конкурсот.

8.5. Комисија формирана од страна на министерот за образование и наука составува ранг-листа на позитивно оценетите проекти која се објавува на веб страната на Министерството за образование и наука и изготвува предлог одлука за распределба на средства, во рок од 7 дена од денот на добивање на оценетите проекти од страна на рецензентите.

8.6. Комисијата изготвува и доставува Известување до секој подносител на пријава по Конкурсот, за оценка на проектот кое содржи детално образложение за оценка на проектот и известување за финансирање на проектот односно одбивање за финансирање на проектот, како и други релевантни информации од значење за подносителот на пријавата во врска со проектот и финансирањето на проектот.

8.7. При изготвување на ранг-листата и предлог одлуката за распределба на средства, предност ќе имаат оние проекти предложени од главен истражувач кој има објавено најмалку 2 трудови во списанија со импакт фактори во последните три години, како и главен истражувач кој има објавено најмалку 2 трудови во списанија евидентирани во меѓународни бази или списанија со меѓународен уредувачки одбор, а другите средства ќе се распределуваат на оние кои имаат помалку од два или немаат објавено такви трудови.

8.8. Одлуката за финансирање на проектите се донесува од страна на министерот за образование и наука, врз основа на ранг-листата на позитивно оценетите проекти, предлог-одлуката за распределба на средства и расположливите средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

8.9. Министерот за образование и наука и факултетот/научниот институт потпишуваат договор за финансирање на научно-истражувачки проекти во кој се дефинирани сите обврски од проектот во рок од 7 (седум) дена од денот на донесување на Одлуката за финансирање на проектите.

8.10 Во текот на реализација на проектот, договорот за финансирање на научно-истражувачкиот проект, може да се измени и дополнува во рамките на одобрените финансиски средства за реализација на проектот утврдени во договорот, до таа мера што нема да има влијание врз резултатите на проектот.

8.11. Во текот на целокупната реализација на проектот, договорот за финансирање на научно-истражувачкиот проект, може да се измени во рамките на вкупно одобрените финансиски средства за одобрените ставки во финансискиот план за реализација на проектот утврдени во договорот најмногу до 20% од страна на корисникот на проектот **без да се бара одобрение од страна на Министерството за образование и наука**, за што задолжително го известува Министерство во рок од 15 дена по направената измена. **Не е дозволено додавање на нови ставки во рамките на одобрениот финансиски план.**

8.12. Во текот на целокупната реализација на проектот, договорот за финансирање на научно-истражувачкиот проект, може да се измени во рамките на вкупно одобрените финансиски средства за одобрените ставки во финансискиот план за реализација на проектот утврдени во договорот повеќе од 20%, за што факултетот/научниот институт **доставува Барање за измена и дополнување на договорот**. По доставеното Барање министерот за образование и наука формира комисија која го разгледува барањето и до министерот доставува предлог одлука. **Не е дозволено додавање на нови ставки во рамките на одобрениот финансиски план.**

## 9. Оценувачки критериуми

9.1. Предлог-проектите ги резензираат два или повеќе независни рецезенти на одделни подрачја: природно-математички науки, техничко-технолошки науки, медицински науки и здравство, биотехнички науки, општествени науки и хуманистички науки.

9.2.Критериуми по кои се врши оценувањето на предлог-проектот се:

- ✓ придонес во продлабочувањето и проширувањето на научните знаења
- ✓ оргиналност на целите и содржината на истражувањето
- ✓ детално разработени цели и активности од проектот со јасни и мерливи индикатори, детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на проектот и оправданост и реалност на трошоците во предложениот финансиски план потребни за реализација на проектот, усогласеност на планот на активности со финансискиот план;

- ✓ компетентност на главниот истражувач и компетентност и оригиналност на истражувачкиот тим,
- ✓ придонес во оспособувањето на млади истражувачи,
- ✓ релевантност на истражувањето во однос на утврдените цели, усогласеност на целите и предметот на истражување со целта и условите на овој Конкурс;
- ✓ конкурентност за меѓународна соработка
- ✓ остварливост на предлог-проектот (веројатност во постигнување на очекуваните резултати и можности за примена на резултатите во реална временска рамка)

9.3. Секој од наведените оценувачки критериуми, независни рецензенти ги вреднуваат со оценка од 1 (најмала вредност) до 5 (најголема вредност). Проектот е позитивно оценет доколу добил средна оценка најмалку 3,5.

## 10. Оценување на резултатите на проектот

10.1. Во текот на реализација на проектот, односно на секои 4 месеци, Носителот на проектот доставува наративен и финансиски извештај за реализација на проектот. Најдоцна 1 месец по завршувањето на проектот се доставува Завршен извештај.

10.2. По доставување на Завршниот извештај, Носителот на проектот кој е позитивно оценет, во соработка со Министерството за образование и наука, има обврска да организира јавна презентација на резултатите од проектот.

10.3. Евалуацијата на спроведувањето на проектот и остварените резултати ја прават најмалку двајца рецензенти, од кои еден е рецензентот кој го бодувал предлог-проектот. Во случај на спреченост на рецензентот кој го бодувал проектот, се избира нов рецензент.

10.4. При рецензирање и оценување на извештаите соодветно се применуваат одредбите за оценување на предлог-проектот од точка 9 на Конкурсот.

10.5. Рецензентите за утврдената оценка даваат детално образложение за истата и наведуваат детални забелешки во случај на остапувања, а задолжително во случај на оценка на проектот со оценка од 3,5 и помалку.

10.6. Министерството за образование и наука писмено го известува апликантот за постапување по забелешките од рецезентите. Апликантот треба да постапи по добиените забелешки од рецезентите во рок од 30 дена од добивање на известувањето од Министерството за образование и наука.

10.7. Максималната оценка за остварување на резултатите на проектот изнесува 5.

## 11. Доставување на Пријави за Конкурсот

11.1. Пријавата за научно-истражувачки проекти се пополнува во електронска форма на порталот e-uslugi.mon.gov.mk и согласно Конкурсот се прикачуваат потребните документи:

- Тековна состојба од Централен регистар за партнерот, претпријатие од областа на паметната специјализација (не постара од 6 месеци),
- Договор за соработка или партнерство (меѓу соработниците или партнерите од четворниот хеликс),
- Изјава за согласност на секој член на проектниот тим за учество во проектот,
- Изјава за согласност на Носителот на проектот (Декан/Директор на институт) за прифаќање на условите на Конкурсот,
- Биографии на членовите на тимот, најмногу 5.

11.2. Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, пријави и документи кои не се верификувани со потпис и со печат (како што е означено во пријавата и документите), како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

11.3. Подносителите на пријавите ќе бидат известени за резултатите од конкурсот најдоцна 30 дена по завршување на рокот за пријавување.

11.4. Резултатите од Конкурсот, ќе бидат објавени на Официјалниот веб портал на Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk.